РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0503-256/1
16.01.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), членовите 4, 6, 7, 9, 10 и 11 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија” бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, по повод Барањето за донација за Истражувачка репортерска лабораторија – ИРЛ Скопје, наш арх.бр.0503-33/1 од 02.01.2024 г. и Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.0201-234/2 од 15.01.2024 година, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за доделување на финансиска помош - донација на Здружение на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје**

1. Се доделува финансиска помош - донација на Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје во износ од 5.000.000,00 (пет милиони) денари, со цел да се обезбеди остварување на нејзините идни истражувачки иницијативи, зголемување на обемот и квалитетот на содржините кои ги продуцира, а во чиј фокус се борбата со корупцијата и борбата со дезинформации, поддршка на нејзината работа за подобрување на пазарот на медиуми и креирање на дополнителен кадар кој ќе произведува содржини согласно врвните меѓународни професионални стандарди, како и на примената на иновативниот модел на мултимедијално раскажување на квалитетни и независни истражувања, што ќе доведе до зголемена доверба во медиумите и подобрување на медиумската писменост во земјата, а преку известувањата за теми кои се важни за граѓаните, со што ќе им се помогне да носат информирани одлуки – политичка пропаганда за време на избори и владеење на правото.

ИРЛ Скопје се обврзува да ги користи доделените финансиски средства исклучиво за намената утврдена во став 1 од оваа точка.

2. Финансиските средства од точката 1 од оваа Одлука, се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2024 година и истите се уплаќаат на сметката на ИРЛ Скопје: 300-0000041683-20, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје, даночен број 4032018536475.

3. За доделената финансиска помош – донација од точка 1 од оваа Одлука, се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата) и Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје (во понатамошниот текст: ИРЛ Скопје), кој стапува во сила веднаш по потпишувањето

од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

4. Оваа Одлука влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Агенцијата доставено е Барање за донација од Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје, наш арх.бр.0503-33/1 од 02.01.2024 г., со чие доделување Агенцијата ќе даде помош и поддршка за остварување на нејзините идни истражувачки иницијативи. Исто така, Агенцијата со донацијата ќе придонесе и за исполнување на поставените цели на ИРЛ Скопје, меѓу кои и: промовирање на слободата на медиумите, зголемување на влијанието на истражувачкото и аналитичкото новинарство преку иновирање во креирањето содржини и пристапот до публиката и преку тоа зголемување на довербата на граѓаните во медиумите како чувари на демократските вредности, поттикнување независни и слободни медиуми, како и обезбедување поволна средина за работа и развој на независните медиуми, како еден од основните предзнаци на демократското општество.

Како проекти и активности коишто ќе бидат помогнати со донацијата се истражувачките мултимедијални стории, кои имаат за цел да го максимизираат импактот преку комбинирање на иновативни форми, технологија и содржина, за да раскажат приказна, нудејќи и на публиката поинакво искуство на откривање и разбирање на проблемите поврзани со корупцијата и владеењето на правото. Наведеното, во насока дека квалитетните и независни истражувања раскажани на иновативен начин ги мотивираат граѓаните да бараат независно известување, како јавно добро, кое води до зголемена доверба во медиумите и подобрување на медиумската писменост во земјата. Со помош на оваа донација, ИРЛ Скопје ќе го примени иновативниот модел на мултимедијално раскажување за да известува за теми кои се важни за граѓаните и кои ќе им помогнат да носат информирани одлуки – политичка пропаганда за време на избори и владеење на правото. Исто така, известувањето на ИРЛ Скопје во предизборниот период ќе се фокусира на проверка на фактите кои политичките кандидати ги изнесуваат за време на јавни настапи, гостувања во дебатни емисии, јавни дискусии и дебати. Имајќи предвид дека согласно Извештајот на Европската комисија за 2023 година - состојбата во правосудството е загрижувачка и не е забележан прогрес во остварување на реформите кои се бараат од земјата како дел од евроинтеграциските процеси, примателот на донацијата ќе се посвети на мапирање на судиите, обвинителите и правобранителите кои имаат конекции со политички структури и со бизнис заедницата, преку текст, аудио и аудиовизуелни содржини. Известувањето ќе биде фокусирано на потенцијалните конфликти на интерес кои потекнуваат од личните конекции на судиите и обвинителите, а граѓаните ќе ги добијат вистинските информации за оние кои истражуваат, гонат и пресудуваат во нивно име. Воедно, со донацијата, ќе се обезбеди зголемување на обемот и квалитетот на содржините кои ги продуцира ИРЛ Скопје, а во чиј фокус се стратешките приоритети на државата, како борбата со корупцијата и борбата со дезинформации, поддршка на работата на ИРЛ Скопје за подобрување на пазарот на медиуми и креирање на дополнителен кадар кој ќе произведува содржини согласно врвните меѓународни професионални стандарди. Продуктите произведени во рамките на оваа донација ќе бидат дел од веќе започнатите активности кои што ги поддржуваат владите на Соединетите Американски Држави, Кралството Холандија и Јавниот сервис.

Следствено на сето понапред наведено, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите 4, 6, 7, 9, 10 и 11 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1

алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата и Заклучокот на Советот на Агенцијата, арх.бр.0201-234/2 од 15.01.2024 г., Директорот на Агенцијата донесе одлука за доделување на финансиска помош - донација на Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје во износ од 5.000.000,00 (пет милиони) денари. Согласно оваа одлука, ИРЛ Скопје се обврзува да ги користи доделените финансиски средства исклучиво за намената утврдена во точка 1 став 1 од истата. Доделените финансиски средства од точката 1 од оваа Одлука, се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за 2024 г. и истите се уплаќаат на сметката на ИРЛ Скопје: 300-0000041683-20, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје, даночен број 4032018536475. За предметната доделена финансиска помош, се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата и ИРЛ Скопје, кој стапува во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

Оваа Одлука влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Примерок од одлуката да се достави до:

- Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје;
- Претседател на Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје;
- Министерството за правда на РСМ;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архивата на Агенцијата.